**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Врз основа на дел II, област Б, Имплементација на индустриската политика, мерка 2 од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2017 година, („Службен весник на Република Македонија" бр.192/2016), Министерството за економија објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## за поддршка на патенти

1. Предмет на Јавниот повик е доделување финасиски средства за поддршка на патенти за кои се се предвидени вкупно 300.000,00 денари за следните активности:

   1.1 Истражување на пазарот за комерцијализација на патенти;

   1.2 Трошоци за учество на домашни и меѓународни настани за иновации и

   1.3 Трошоци за аплицирање за испитување на патенти во меѓународни организации.

Министерството за економија надоместува дел од трошоците на иноваторите и тоа во износ од 75% од докажаните трошоци, но не повеќе од 75.000,00 денари поединечно за секој барател на средствата.

2. Право на учество на јавниот повик имаат иноватори – физички лица државјани на Република Македонија, кои се занимаваат со истражување и развој на нови производи, процеси и услуги или подобрување на веќе постојните производи, процеси и услуги.

   Барањето за аплицирање и упатството за подготвување на извештај за реализираниот проект со индикатори за успешност се достапни на ВЕБ страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk и www.konkurentnost.mk или може да се подигнат од архивата на Министерството за економија (образец 2 ПКИП 2017 ИП и Упатство)

3. Потребни документи за аплицирање

**За активност 1.1 Истражување на пазарот за комерцијализација на патенти:**

- доказ за државјанство на иноваторот
- решение за признаен патент или позитивно мислење за поднесена пријава за патент издадени од Државен завод за индустриска сопственост, кој се однесува на патентот за кој аплицира барателот
- договор помеѓу иноваторот и консултантот за истражување на пазарот, склучен во текот на 2017 година
- фактура од консултантот пуштена во промет во текот на 2017 година
- извод од банката депонент во кој се гледа дека иноваторот целосно ја подмирил обврската кон консултантот, согласно Договорот и доставената фактура
- извештај за реализираниот проект со индикатори за успешност
- уплатници на износ 50,00 и 250,00 денари

**За активност 1.2 Трошоци за учество на домашни и меѓународни настани за иновации:**

- доказ за државјанство на иноваторот
- решение за признаен патент или позитивно мислење за поднесена пријава за патент издадени од Државен завод за индустриска сопственост, кој се однесува на патентот за кој аплицира барателот
- извештај за реализираниот проект со индикатори за успешност
- докази за извршени трошоци за учество на настани во 2017 година кои подразбираат трошоци за: патување (платени билети за превоз во два правци – до местото на настанот и за враќање), сместување (платен трошок за хотелско сместување), котизација (платен трошок за котизација), пропаганден материјал (фактура од изготвувачот на пропагандниот материјал и доказ од иноваторот за платени трошоци за пропаганден материјал). Кон доказите за извршени трошоци се приложува спецификација на докажаните трошоци
- доказ за учество на настанот издадена од организаторот на настанот (потврда за учество од организаторот - потврдата на странски јазик се доставува во оригинал или копија, преведена на македонски јазик) или сертификат/ награда

- уплатници на износ 50,00 и 250,00 денари

**За активност 1.3 Трошоци за аплицирање за испитување на патенти во меѓународни организации:**
- доказ за државјанство на иноваторот
- решение за признаен патент или позитивно мислење за поднесена пријава за патент издадени од Државен завод за индустриска сопственост, кој се однесува на патентот за кој аплицира барателот
- доказ за извршената уплата во 2017 година за меѓународно поднесување на пријава на патент или доказ за извршената уплата за барање за потполно испитување
- уплатници на износ 50,00 и 250,00 денари

4. Поднесување на документацијата

Документацијата се доставува во оригинал или копии.
Доколку документацијата е доставена во копија, веродостојноста на секоја страница ја потврдува барателот со своерачен потпис.

Апликантите треба да достават комплетно барање со сите потребни документи. Доколку поднесеното барање е некомплетно, Комисијата согласно член 39 став 3 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ 124/2015) ќе се обрати до апликантот и ќе бара во рок од 15 дена дополнување на Барањето за субвенционирање.

5. Поднесените барања ги разгледува Комисија формирана од Министерот за економија. Одобрените барања ќе бидат исплатени на барателите во зависност од расположивите средства од Буџетот, по редоследот на нивното пријавување во архивата на Министерствтото за економија (прв дојден прв услужен), се до исцрпување на расположивите средства од Буџетот за 2017 година.

Министерството за економија го задржува правото да изврши мониторинг на проектот и лично да се увери во наводите од извештајот.

6. Краен рок за доставување на барањата: 30 септември 2017 година.

Барањата треба да се достават во Архивата на Министерството за економија, ул „Јуриј Гагарин“ бр. 15, Скопје.

**тел. (02) 3093 466; (02) 3093 492; www.economy.gov.mk**
**www.konkurentnost.mk**